Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) и член 30 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр. 103/08), министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот ***комуникација*** за II одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух.

**НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН СЛУХ**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# КОМУНИКАЦИЈА

**II ОДДЕЛЕНИЕ**

Скопје, мај 2009

**ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО II ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да ги поддржува и да ги развива психолошките способности за слушање на гласовите од човечкиот говор што ќе влијае на подобрувањето на неговиот говорен развој (преку користење на преостанатите слушни способности);
- да ги развива когнитивните способности во функција на неговиот интелектуален развој;
- да се оспособи за подобро разбирање со лицата кои слушаат и да воспоставува комуникација со нив;
- да се оспособи за чиста и колку што е можно појасна артикулација;
- да се оспособи за подобра орална комуникација за неговите секојдневни потреби;
- да се поттикнува да ги увиди и да ги коригира говорните недостатоци и неправилности;
- да се оспособи за читање и разбирање на говорот од устата на соговорникот;
- да се оспособи за успешно следење на содржините од наставните предмети.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| **I ФАЗА НА ВЕЖБИ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>(*Напомена:* Пред да се започне со реализација на планираните активности неопходно е да се спроведат процедурите за запознавање со слушните и говорните способности на ученикот -снимање на неговиот статус со говорна, тонална и објективна аудиометрија).<br>-да се увиди (од страна на стручните лица) дали ученикот е упатен во начинот на ракување со слушниот апарат;<br>-да се увиди (од страна на стручните лица) дали е развиена способноста за примање сигнали преку слушниот апарат;<br>-да се оспособи за одредување на најпогодното ниво за примање на звукот;<br>-да ги распознава звуците и нивните извори;<br>-да се оспособи за дискриминација на: | -Контакт со ученикот (снимање на неговиот статус)<br><br>-Дискриминација на акустичкиот сигнал од различни извори | -Говорен статус<br>-Аудитивен статус,<br>-Слушен апарат<br>-Слушно поле<br>-Звук и извор на звукот<br><br>-Број<br><br>-Интензитет<br><br>- Тонски однос<br><br>- Траење на звукот<br><br>-Ритам | - Одредување и проверка на слушните и говорните способности на детето.<br>- Проверка на познавањето на детето на слушниот апарат и неговата употреба.<br>-Привикнување на учениците на слушање преку развивање на слушното внимание (давање индивидуални знаци на внимание, меѓутоа не преку чукање на маса или удирање на подот).<br>-Врз основа на аудиометрискиот наод се одредува најпогодното ниво за прием на звукот (кое можеби е променето од претходното аудиометрирање).<br>-Препознавање звуци од различни инструменти (тапан, дајре, труба, чинели и сл.).<br>-Вежби: подига рака со затворени очи на даден звучен сигнал.<br>-Вежби со слушање на дадени звучни сигнали кои детето ги брои (еден, два итн.).<br>-Препознавање на звучен сигнал |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *бројот на сигналите;<br>*интензитетот на звучниот сигнал;<br>*два тонски односи;<br>*траењето на звучниот сигнал;<br>*ритмот;<br>-да се увиди дали може да слуша и имитира ономатопејски звуци и шумови во природата;<br>- да се осбособи за препознавање на звуци од средината;<br>-да се поттикнува за спонтано добивање на ларингеалниот глас;<br>-да се оспособува за правилно поставување на гласот во однос на интензитетот и висината;<br>-да се оспособува за правилно изговарање на вокалите;<br>-да се поттикнува да изговара вокали со различна должина, јачина и различна местоположба во слогот;<br>-да усвојува консонанти во комбинација со вокалите со различна должина во иницијална, медијална и финална положба;<br>-да се оспособува за слушно дискриминирање и изговарање на гласовите во едносложните и двосложните зборови;<br>-да се поттикнува да го усвојува и увежбува гласот во состав на зборовите во сите три положби; | -Работа на гласот<br><br>-Вокали<br><br>-Консонанти<br><br>-Гласот во збор | -Звуци и шумови во природата<br><br>-Ларингеален глас<br><br>-Вокали<br><br>-Консонанти | според интензитетот: слаб-јак; слаб-слаб; јак-јак.<br>-Вежби за разликување на два тонски односи (повисок- понизок).<br>-Вежби за разликување на траењето на звукот (долго-кратко траење).<br>-Вежби за ритмите: 4/4; 3/4 и 2/4.<br>-Вежби во кои се слушаат и имитираат ономатопејски звуци и шумови (подига рака или покажува кон слика при препознавање на одредени звуци: лаење на куче, мјаукање на мачка).<br>- Вежби во кои се слушаат и препознаваат средински звуци (каков е звукот кога врне дождот, каков е звукот при движењето на воз).<br>-Вежби за добивање и правилно поставување на интензитетот и висината на ларингеалниот гласВ<br>-Вежби со вокали: А, О, У, Е, И;<br>Вокали: долги, кратки и преминот меѓу нив;<br>(А-како плачење на бебе,<br>О-како повик; И-како изненадување и сл.).<br>-Вежби на вокалот со различна должина, јачина и различна положба во слогот.<br>-Вежби: консонанти со вокалите А, Е, И, О, У со различна должина во |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да се оспособува за изговарање на вокалите со различна должина;<br>-да се оспособува за слушно забележување и изговарање на гласовите во реченицата;<br>-да се оспособува да употребува именки, глаголи, придавки;<br>-да се оспособува да поставува и да разбира поставени прашања. | -Употреба на именки, глаголи, придавки<br><br>-Поставување прашања и разбирање на поставените прашања | -Именки<br>-Глаголи<br><br>-Придавки<br><br>-Прашања | иницијална, медијална и финална положба (со употреба на зборови од нивниот вокабулар соодветно на текстовите учени по предметот македонски јазик).<br>-Вежби на гласот во зборовите во иницијална, медијална и финална положба (со акцент на зборовите од текстовите предвидени за второ одделение).<br>-Вежби со различна должина на вокалите во зборовите во зависност од говорната ситуација (маа-ма; ма-мааа).<br>-Вежби со различна должина на вокалот во посебни зборови.<br>-Вежби: употреба на именките (со набројување на предмети од училницата).<br>-Вежби: употреба на глаголите заедно со претходно усвоените поими („бато, тато, мама,... јаде'' или во инверзија „јаде бато, мама, тато.")<br>- На ист начин се обработуваат и други глаголи: оди, седи, спие, чита и др.<br>-Вежби за употреба на придавките: убав, мал, голем и др.<br>(убава тета., топка, мама и сл).<br>-Вежби: поставување и разбирање на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | поставените прашања: **КОЈ? ШТО Е ТОА? КАДЕ Е? ИМАШ ЛИ? КАКВО Е?**<br>- Вежби за правилно дишење при изговарањето на зборовите. |

| **II ФАЗА НА ВЕЖБИ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>-да се оспособува за препознавање и дистинкција на говорот на човекот од другите извори на звук;<br>-да се поттикнува да ги користи ритмичките стимулации и ритмот во функција на развојот на говорот (бројалки);<br>-да се стимулира да ги коригира и практично да ги применува изучените гласови;<br>-да се оспособува да ги разликува гласовите според нивниот квалитет;<br>-да се поттикнува да го подобрува квалитетот и должината на вокалите;<br>-да се оспособува да ги разликува гласовите според звучноста и местото на градба;<br>-да се поттикнува да го коригира | -Сложена перцепција и техника на говорот<br><br><br><br><br><br><br><br>-Ритам во говорот | -Говор<br><br><br><br><br>-Глас | -Слушање говор од звучни извори (снимен говор или звуци на ЦД, со употреба на различни аудио-визуелни помагала и сл.).<br>-Вежби: разликување гласови.<br>-Вежби: ритмички стимулации проследени со одење, плескање со рацете и сл.<br>-Вежби со бројалки.<br>-Вежби за повторување на изучените гласови и нивна корекција со континуиран аудитивен тренинг).<br>-Вежби со вокали: изолирани вокали, комбинација со два и три вокали.<br>-Вежби за разликување на гласовите според звучноста и местото на градба: П-Б, Т-Д, С-З, Ш-Ж, К-Г, Ф-В, Ќ-Ѓ, Ч-Џ, Ц-Ѕ (поинтензивна работа на оние гласови |

| | | | |
|---|---|---|---|
| изговорот на гласовите во едносложните и двосложните зборови во иницијална, медијална и финална положба;<br>-да се поттикнува да употребува заменки;<br>-да се оспособува да води разговор според слики;<br>-да се оспособува да употребува придавки;<br>- да се поттикнува да употребува глаголи;<br>-да се оспособува да опишува дејство кое сам/а го врши;<br>-да се оспособува да поставува прашања;<br>-да се оспособува за самостојно искажување на дејство;<br>-да се оспособува за опишување предмети;<br>-да се оспособува за опишување слики;<br>-да се оспособува да опишува лично доживување;<br>- да се оспособува за искажување желби, чувства или состојби;<br>-да се оспособува за употреба на одречни или расказни реченици (еден или два збора);<br>-да се оспособува да користи различни поздрави; | -Слушно перципирање на зборови<br><br>-Слушно перципирање на реченици<br><br>-Поставување прашања | - Именки<br><br>- Заменки<br><br>- Еднина<br><br>- Множина | кои се дисторзирани, супституирани).<br>-Вежби за корекција на гласовите во едносложните и двосложните зборови во иницијална, медијална и финална положба.<br>-Вежби за повторување на употреба на заменките: тој, таа, мое, твое (тој трча; таа седи; мое куче; твоја книга и сл.).<br>-Разговор со ученикот според слики (3-4 во низа).<br>-Драматизација во која ученикот употребува заменки.<br>-Водење на разговори (кратки дијалози) со ученикот ( употребува придавки).<br>-Вежби во кои се употребуваат глаголи (јас читам, тој трча, таа оди, ние јадеме и сл.).<br>-Вежби во кои ученикот/ученичката зборува во сегашно време за дејство кое сам/а го врши.<br>-Вежби за поставување, разбирање и одговарање на прашања:<br>КОЈ (оди, трча и сл.)?<br>-Дете, девојче и друго во зависност кој што работи.<br>Што прави дада, бато, мама и сл.?<br>-Чита, седи, оди и сл.<br>- Вежби во кои се искажува со проста реченица (дејство кое го |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да се оспособува да го изговара сопственото име и името на другите лица кои го окружуваат;<br>-да се оспособува и да се поттикнува да води разговори за семејството.<br>- да се оспособи за одговарање на прашања поврзани со перцепцијата на просторот (субјективен, гестуален и објективен). | -Самостојно изразување | -Поздрави<br><br>-Лично име | врши или е прикажано со слики).<br>-Вежби: опишува предмет со кажување на одликите: боја, големина и форма (имам топка, убава топка, мала топка, црвена топка).<br>-Со проста реченица опишува слика (без многу предмети и лица) именува лица, опишува дејства што некој ги врши на сликата и сл.<br>-По даден налог опишува сопствено доживување.<br>-Вежби во кои искажува желби, чувства, состојба (сакам вода, ме боли забот и сл.).<br>-Вежби во кои употребува расказни или одречни реченици составени од два збора (Имаш ауто?-Немам. Сакаш ли сок?-Сакам. и сл).<br>-Вежби во кои употребуваат поздрави, т.е. конвенционални изрази: Добар ден, Добро утро, здраво и сл.<br>-Вежби во кои го употребува своето име, името на другите деца од одделението, учителката, членовите на семејството и сл.<br>-Разговори за семејството:<br>Како се вика мама? Како се вика тато? Ја сакаш ли мама? и сл.<br>- Вежби во кои одговара на прашања од типот - Кој се наоѓа лево од тебе? Што има горе, над тебе? и сл. |

**III ФАЗА НА ВЕЖБИ**

| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br>-да ги разликува тактовите со одбројување на удари;<br>-да се оспособува за разликување на акцентираните и неакцентираните слогови во зборовите;<br>-да се оспособува да ги воочува разликите меѓу гласот, зборот и реченицата;<br>-да се оспособува да разликува двосложни и трисложни зборови ( преку слушање);<br>-да се оспособува за слушна перцепција и изговарање на поимите во еднина и множина;<br>-да се оспособува за слушна перцепција и изговарање реченици (применува еднина и множина);<br>-да се стимулира да слуша и да изговара реченици<br>- да се стимулира да слуша и да изговара реченици со различни предлози;<br>- да се стимулира да слуша и да изговара реченици (правилна примена на сврзниците); | -Слушна перцепција<br>-Слушна перцепција и изговарање на зборовите<br>-Слушна перцепција и изговарање реченици<br>-Слушање и изговарање конвенционални модели (секојдневни изрази)-самостојно изразување | Ритам<br>Слог<br>Збор<br>Реченица | -Вежби за разликување на различни тактови со одбројување на удари снимено на ЦД, компјутер и сл..<br>- Вежби за разликување на акцентиран и неакцентиран слог во зборовите (правилно акцентирање на зборовите).<br>-Вежби за разликување глас, збор, реченица.<br>-Вежби: воочување разлика меѓу двосложните и трисложните зборови по пат на слушање (се употребуваат бројалки).<br>-Вежби за слушна перцепција и разликување на поимите изговорени во еднина и множина (око-очи; уво-уши и сл.).<br>-Вежби за слушна перцепција на реченици (примена на еднина и множина):<br>Тоа е око. Тоа се очи.<br>Тоа е дете . Тоа се деца. и сл.<br>Детето чита. Децата читаат.<br>-Вежби: реченици со придавки со спротивно значење (добро- лошо, големо-мало и сл.).<br>- Вежби: примена на предлози во, на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се стимулира да слуша и да изговара реченици со глаголи во сегашно и минато време;<br>-да се оспособува да употребува зборови и реченици од секојдневниот говор;<br>-се оспособува да изразува пријатни и непријатни чувства и состојби;<br>-да се оспособува да слуша и да изговара секојдневни поздрави;<br>-да се оспособува да слуша и да изговара прашања;<br>-да се оспособува за самостојно изразување преку опишување на слика, предмет, лично доживување.<br>- да се оспособи за именување на растенија, животни и предмети;<br>- да се оспособи да одговара на прашања поврзани со перцепција на време (наизменичност на времето, редослед на временски настани; вклопеност на времето, траење на времето);<br>-да се увиди развиеноста на внатрешниот говор. | | Прашање<br><br>Одговор<br><br>Чувства<br><br>Доживу-<br>вање | кај, со (Моливот е на масата и сл.).<br>- Вежби со примена на сврзници (Јас имам мама и тато и сл.).<br>-Вежби: примена на заповеден начин (Те молам отвори ја вратата . Те молам дојди! ).<br>-Вежби: реченици со глаголи во сегашно време : Јас читам и сл.<br>-Вежби: реченици со глаголи во минато време: Јас купив бонбони и сл.<br>-Вежби: употребува зборови и реченици од секојдневниот говор: Молам! Благодарам! Добар ден! Здраво! и сл.<br>-Вежби: изразување чувства и состојби: Среќен роденден! Ме боли главата и сл.<br>-Вежби: употреба на секојдневните поздрави: Добар ден! Довидување! Здраво! и сл.<br>-Вжби:слуша и изговара прашања:Како си? Што правиш? Каде живееш? и сл.<br>-Вежби: самостојно опишува даден предмет, слика, зборува за некое свое доживување.<br>-Вежби за именување на растенија, животни и предмети со помош на илустрации.<br>-Вежби за одговарање на прашања од |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | типот: Додека ние сме тука, што прават учениците од другите одделенија? Што правеше ти од утрово кога стана до сега? Што трае подолго-учебната година или распустот? и сл.<br>-Изведување едноставни налози: Земи ја книгата! Извади ја тетратката! Викни го ученикот од другото одделение! и сл. |

| **IV ФАЗА НА ВЕЖБИ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>-да се оспособи да препознава музика и говор преку слушање радио;<br>-да се оспособи да препознава музички ритми;<br>-да се оспособи да препознава машки и женски глас;<br>-да се оспособи да го распознава говорот;<br>-да работи на изговар и корекција на согласничките групи во зборовите;<br>-да се поттикнува да слуша трисложни и повеќесложни зборови;<br>-да се оспособи да го воочи акцентот | -Препознавање на говорот<br><br>-Препознавање-разликување на машки и женски гласови | -Музика<br><br>-Говор<br><br>-Акцент | -Преку слушање на радио се оспособува да разликува говор и различни видови на музика (класична, народна, поп- музика).<br>-Преку слушање снимен материјал препознава музички ритми, машки и женски глас, препознава говор и сл.<br>-Вежба: изговор и корекција на согласнички групи во дадени зборови.<br>-Вежба: слушање трисложни и повеѓесложни зборови (во истите |

| | | | |
|---|---|---|---|
| во трисложните и повеќесложните зборови;<br>-да се поттикнува да слуша реченици од три и повеќе зборови;<br>-да се поттикнува да слуша реченици составени од повеќе зборови при што два збора се менуваат;<br>-да се поттикнува да применува реченици со глаголи во сегашно, минато и идно време;<br>-да се оспособи да дополнува испуштени зборови во дадени реченици;<br>-да се оспособи да поставува и одговара на поставените прашања;<br>-да се поттикнува да употребува предлози;<br>-да се поттикнува да ги употребува прилозите;<br>-да се поттикнува правилно да употребува сврзници;<br>-да се оспособува за употреба на заменки;<br>-да се оспособува да ги употребува личните заменки во множина;<br>-да слуша и изговара секојдневни изрази;<br>-да се поттикнува самостојно да опишува слики (годишни времиња): пролет, лето, есен и зима;<br>-да се стимулира самостојно да | -Препознавање-разликување на трисложн ии повеќесложни зборови<br><br>-Реченици-видови<br><br>-Прилози<br><br>-Предлози<br><br>-Сврзници | -Прилози<br><br>-Предлози<br><br>-Сврзници<br><br>-Лични заменки | зборови вежба на акцентот).<br>-Вежби: слушање и употреба на реченици од три и повеќе зборови: Тој има син молив.Тато чита весник. и сл.<br>-Вежби: слушање реченици од три и повеќе зборови во кои два збора се менуваат: Кучето јаде коска.Кучето пие вода и сл.;<br>-Вежби: реченици со глаголи во сегашно, минато и идно време:<br>Баба плете шал.<br>Мама правеше торта.<br>Миле ќе оди дома..<br>-Вежби: дополнува испуштени зборови во реченици:<br>Мама прави..........(торта); и сл.<br>Вежби: поставување и разбирање на прашањата КОЈ? ШТО? КАКОВ? НА КОГО? ЧИЈ? ЗОШТО ?<br>-Вежби за употреба на предлозите НАД, ПОД, ЗАД, ПРЕД во реченицитe.<br>- Прилозите: УБАВО, ДОБРО, ЛОШО.<br>- Вежби со употреба на сврзници.<br>- Вежби со употреба на заменки.<br>- Вежби за употреба на личните заменки во множина.<br>-Вежби за употреба и слушање на секојдневни изрази: Кога си роден? |

| | | | |
|---|---|---|---|
| опишува обработена приказна или басна по дадени слики. | | | Од каде си? Сакаш ли вода? Каде живееш? и сл.<br>-Вежби во кои детето самостојно опишува слики на кои е претставено некое годишно време кое е претходно обработено: пролет, лето, есен и зима.<br>-Вежби во кои детето самостојно по слики опишува претходно обработена приказна, басна и сл. (Дедото и репката и сл.). |

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Програмата комуникација за учениците со оштетен слух претставува репорака како да се изведуваат вежбите во слушното и говорното перципирање. Ова треба да послужи и како упатство во реализацијата на програмските содржини, а, на основа на веќе претходно стекнатото општо знаење од аудиометодиката.

Изведувањето на содржините предвидени со наставниот предмет комуникација треба да бидат во тесна корелација со другите наставни предмети - посебно предметите македонски јазик и запознавање на околината.

Програмата за комуникација за второ одделение е продолжение на програмата за комуникација за прво одделение. Пред да се започне со реализација на содржините од програмата за второ одделение треба да се направи проверка на слушниот статус кај учениците.

Во работата на развитокот на слушната перцепција треба да има предвид дека субјект во работата е ученикот/ученичката кој има оштетен слушен анализатор кој е различен кај секое дете.

Пристапот, планирањето и методите на работа треба да бидат индивидуализирани и прилагодени на психофизичките диспозиции на слушниот анализатор на детето. Севкупниот напор во работата на слушната и говорната перцепција треба да се насочи кон тоа децата да се научат да ги користат остатоците на слухот.

Неопходно е спроведување на континуиран аудитивен тренинг кај сите ученици со слушни оштетувања со поинтензивна работа на оние гласови кои се оштетени (дисторзирани, супституирани).

Содржините кои се дадени во програмата конципирани се според современите лингвистички принципи кои им даваат можност на децата со оштетен слух вежбајќи да учат активен говор.

Се препорачува почетна индивидуална работа со цел утврдување на можностите за перцепција на Говорот, како и можностите за употреба на говорниот јазик, како и работа во групи, односно тандемска работа со цел подобрување на вербалната комуникација меѓу учениците со оштетен слух.

Програмата комуникација е задолжителна и застапена е со:

-неделен фонд -2 часа;

-годишен фонд -72 часа;

## 4. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Програмата комуникација може да се реализира во посебно опремени кабинети со добра звучна изолација.Тие треба да се опремени со посебни апарати за изведување на вежбите за слушна и говорна перцепција (апарати за линеарно појачување, со селективна амплификација, со филтри, индикатор на интензитетот, вибратор и др.).

## 5. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во второ одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- Филозофски факултет - Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

## 6. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по *комуникација* за второ одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух ја донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 10-2012/1
27.07 2003 год
СКОПЈЕ

---

Никола Тодоров
министер за образование и наука

Скопје